РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1905/3
10-11-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител, на 40-та седница одржана на 06.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2158/1 од 01.04.2019 год оформен по пријава доставена од непознат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2158/1 од 01.04.2019 год, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-2158/1 од 01.04.2019 год да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2158/1 од 01.04.2019 год оформен по пријава од непознат подносител доставена до ДКСК.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за непостапување од страна на Директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје согласно последните измени на Колективниот договор на оваа јавна здравствена установа во однос на исплатата на надоместокот за дежурства на докторите од март 2018 година.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-1905/1 од 07.05.2020 година со кое побара од ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести -Скопје да достави целосна информација за тоа:

- кога се донесени последните измени на Колективниот договор на ЈЗУ Универзитетска клинка за детски болести -Скопје, дали од донесувањето на измени била извршена исплата на дежурствата на лекарите на оваа здравствена установа и доколку не била извршена исплатата, да се наведат кои биле причините поради кои не била извршена исплатата на овој надоместок.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје со бараната документација.

По разгледување на наводите во пријавата и доставениот одговор, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Во периодот од 2018 година ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје постапувала согласно последните измени на Колективниот договор и интерните акти односно:

- Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор дел за плата, други права по основа на плата и надоместоци на плата бр.01-1025/1 од 19.04.2018 година.
- Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор бр.0101- 374/1 од 07.02.2019 година.
- Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор бр.0101- 70/1-18 од 03.10.2019 година.
- Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор бр.0101-1- 24 од 02.01.2020 година.
- Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор бр.0101- 24/1-19 од 12.02.2020 година.

Согласно член 216 став 1 и став 4 од Законот за здравствена заштита, здравствената установа може да воведе дежурство со кое се обезбедува непрекината 24-часовна здравствена дејност, само по исклучок доколку со организирањето на работата во смени не е во можност да обезбеди непрекинато вршење на здравствената дејност. Одлуката за воведувањето и обемот на дежурството во здравствената установа, како и за определување на здравствениот работник кој треба да дежура, ја донесува директорот на здравствената установа по добиена согласност од министерот за здравство.

По барање на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести биле дадени согласности од Министерството за здравство во кои е наведено дека ваквиот начин на организација на работата нема да креира долгови од страна на јавната здравствена установа, односно клиниката има средства да ги обезбеди истите, а со ваквиот начин на работење ќе овозможи подобра организираност и искористеност на здравствениот кадар во пружањето на здравствените услуги и непрекинато вршење на здравствената дејност.

Исплатата на дежурставата на лекарите се вршела по претходно добиените согласности од Министерот за здравство поради неможност на организирање на сменска работа и тоа :

- воведено било дежурството за доктори во Одделот за интензивна нега и терапија по добиена согласност од Министерство за здравство бр.10-1386/2 од 06.04.2017 година.

Во 2018 година работата на клиниката била организирана во смени.

- воведено било дежурството на доктори специјалисти и доктори на специјализација за период од 10.06.2019г. до 31.08.2019 г. по претходно добиена согласност од Министерство за здравство бр.10-4433/2 од 17.06.2019 година.
- воведено било дежурството на доктори специјалисти и доктори на специјализација за период од 01.09.2019 г. до 31.12.2019 година по претходно добиена согласност од Министерство за здравство бр.10-6090/2 од 03.09.2019 година.
- воведено било дежурството на доктори специјалисти и доктори на специјализација за период од една година до 31.12.2020 година по претходно добиена согласност од Министерство за здравство бр.10-9348/2 од 26.12.2019 година.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК констатира дека во конкретниот случај кој се однесува на начинот на организирање на работата на оваа јавна здравствена установа преку дежурства и исплата на истите, Директорот на ЈЗУ Универзитетската клиника за детски болести-Скопје постапувал согласно Колективниот договор, интерните акти (донесените анекси за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор на вработените во универзитетските клиники, центри, болници и други јавни здравствени установи во Р.Северна Македонија) и добиените согласности од Министерството за здравство во кои е наведено дека оваа јавна здравствена установа има обезбедено финансиски средства за воведување на дежурствата како подобар начин на работење, подобра организација и искористеност на здравствениот кадар во

пружањето на здравствените услуги и непрекинато вршење на здравствената дејност. Оттаму, ДКСК заклучи дека наводите во пријавата не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај, предметот да се затвори и да архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk